## *Кон 70. број на Годишниот зборник*

Во еден од неговите помалку познати филозофски фрагменти, Демокрит вели: „Живот без празници е како долг пат без гостилница“. Покрај многуте интерпретации на овој фрагмент кои упатуваат на неговите препораки за живот исполнет со ведрина, оваа негова констатација може да се прочита и како сфаќање дека празникот претставува период за починка од животната динамика и време да видиме од каде доаѓаме и да размислиме каде одиме. Тоа е суштината и на празнувањето на јубилеите: да се означи достигнувањето на исполнувањето на еден циклус и да се направи ретроспектива на минатото и антиципација на иднината, со критичка евалуација на тоа што се направило, и оптимистични, но реални, очекувања за она што може да се направи.

*Годишниот зборник на Филозофскиот факултет – Скопје* со ова свое издание го заокружува својот седми издавачки декаден циклус и токму оваа јубилејна меѓа Редакцискиот одбор ја препозна не само како починка за евалуација и антиципација, туку и како повод за преземање сериозни чекори. На некои нешта едноставно им дојде времето. И сето тоа во духот на питагорејската нумерологија каде што бројот 7 означува kairos, вистинскиот, соодветниот миг во кој една цел е успешно остварена низ правилна мера, пропорција и пригодност, односно критично време или вистинска можност за одлучување или дејствување, која е објективно дадена, но субјективно препознаена. Така, од овој број *Годишниот зборник* прозвучува на два јазика, македонски и англиски, а разлозите се следниве: прво, научната мисла на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет да стане достапна за пошироката научна публика и, второ, да продолжи зачувувањето, негувањето и развивањето на научната терминологија на македонски јазик. Водени од двојните принципи за достапност на универзалната научна мисла, но, притоа, водејќи сметка и за специфичниот македонски научен контекст, Редакцијата го направи овој исклучително голем и предизвикувачки чекор.

Добар знак дека питагорејската седумка навистина го означила kairos за овој потег се рецензираните и прифатени 22 авторски текста (вкупно 44 на македонски и на англиски јазик) кои го сочинуваат овој број на списанието. Во него се застапени и монодисциплинарни и мултидисциплинарни теми, високоспецијализирачки текстови, текстови со оригинални емпириски и теориски резултати, текстови кои зафаќааат прашања од нови и сè уште недоволно истражени дисциплини, текстови кои реактуализираат стари теории во нов контекст итн. Со еден збор, *Зборникот* уште еднаш го отсликува богатството на дисциплини на Филозофскиот факултет кои длабински ја изразуваат човековата природна љубопитност за спознавање на светот, општеството и себеси. Сега, прв пат, сите овие резултати и сознанија ќе добијат поширока читателска публика.

Редакцискиот одбор од неодамна донесе уште неколку други значајни одлуки. Од минатиот број *Годишниот зборник* повторно е дел од светските библиотеки по одлуката на Одборот примероци од списанието да бидат дистрибуирани во библиотеките на филозофските факултети (онаму каде што има такви) и нацио-

налните библиотеки во земјите на Балканот, Франција, Русија, Велика Британија и во Соединетите Американски држави. Достапноста на списанието е зголемена и со константното интегрирање на постарите броеви на дигиталната библиотека на Филозофскиот факултет. Исто така, од овој број, прв пат се воведува практиката за наведување на COBISS-типологијата на статиите на почетокот на секој прилог.

Враќајќи се на починката препорачана од Демокрит, размислата за тоа каде треба да се оди му дава на Редакцискиот одбор елан за нови достигнувања, но и одговорност да се одржи постигнатото. Зашто кога сте изоделе долга патека, враќање назад нема! Затоа, на членовите на Редакцискиот одбор им посакувам и понатаму да работат со исто толку трпение и посветеност со кои работеа на излегувањето на овој број на *Зборникот* и во следните изданија, а на авторите, чијашто работа ја прави смислата на *Годишниот зборник*, и во иднина да ги доверат своите трудови на научното гласило на матичната институција. Зашто автономната академска дејност што ја респектира сопствената традиција треба да ни биде врвен императив!

Доц. д-р Јасмина Поповска,
Претседател на Редакцискиот одбор

***Towards the 70th issue of the Faculty of Philosophy's Annual***

In one of his less known philosophical fragments Democritus says: *a life without festivity is a long road without an inn.* Among the number of interpretations which refer to his prescriptions for cheerfulness, this fragment can also be understood as a recognition that festivity represents a period for repose from the busy life dynamics and a time to reconsider where we came from and to reflect where we are going to. That is the meaning of celebrating the jubilees: to point out the rounding up of one cycle and to make a retrospective of the past and anticipation for the future, with critical evaluations of what has been achieved and optimistic, but realistic, expectation of what can be done.

With this issue *the Faculty of Philosophy's Annual* is rounding up its seventh publishing decade cycle and the Editorial Board recognized this important demarcation not only as an opportunity for evaluation and anticipation, but also as an occasion for taking serious steps. It was about time for some things. Just as in the Pythagorean numerology where the number 7 refers to kairos, the real and appropriate occasion where a goal is successfully realized through right proportion and appropriateness, namely a critical time or real opportunity for deliberation and action, which is objectively given, but subjectively recognized. From this issue, the *Faculty of Philosophy's Annual* speaks in two languages, Macedonian and English, having two reasons in mind: first, the scientific thought of the professors at the Faculty of Philosophy to become more available to the wider scientific audience, and second, to continue the preserving and developing of the Macedonian scientific terminology. Leaded by the double standards for availability of the universal scientific thought, thereto keeping an account of the specific Macedonian scientific context, the Editorial Board took this important step.

A positive sign that the Pythagorean seven really designated kairos for this step are the peer reviewed and accepted 22 articles (44 in Macedonian and in English in total) which constitute this issue. There are both monodisciplinary and multidisciplinary articles, highly specialized articles, articles with original empirical and theoretical results, articles that treat issues from new and fairly examined disciplines, articles that reactualize old theories in new context, etc. In one word, the *Annual* once more reflects the multiplicity of the various disciplines that are treated at the Faculty of Philosophy, disciplines that go deeply in manifesting the human's natural curiosity for knowing the world, society and oneself. Now, for the first time, all those results will receive a wider readership.

The Editorial Board recently made several other important decisions. From the last issue the *Faculty of Philosophy's Annual* is again part of the largest world libraries. Upon the Board's decision, copies from the journal to be distributed in the libraries of the Faculties of Philosophy (where there are not any) and the national libraries of the countries of the Balkans, France, Russia, Great Britain and the United States of America. The availability of the journal is additionally increased by the constant uploading of the older issues at the Digital library of the Faculty of Philosophy – Skopje. In addition, starting from this issue, the practice for stating COBISS article typology is initiated at the beginning of every text.

Remembering Democritus' prescription for repose, the reflection for the future actions gives the Board enthusiasm for new accomplishments, but also a responsibility to maintain what has already been accomplished. Beyond a certain point, there is no return! Therefore, I wish the members of the Editorial Board the same patience and dedication in our future issues as they had for this issue, and to the authors, whose work makes our work meaningful, to entrust again their scientific work to the scientific medium of their mother institution. The autonomous academic work that respects its own tradition has to be our ultimate imperative!

Editor-in-chief,
Jasmina Popovska